Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник“ на Република Македонија број 72/07, 05/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 190/19), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го објавува следниот

**Ј А В Е Н  П О В И К  б р . 0 2 / 2 0 2 6**
**за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следните мерки:

| Код на мерка | Назив на мерката |
|---|---|
| **Мерка 131** | **Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност** |
| Подмерка 131.1 | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност- разни трансфери |
| 131.1 | а) Трошоци за воспоставување на земјоделска задруга не постара од 12 месеци од денот на основање на земјоделската задруга до денот на објавување на јавен повик за доставувањена барања за исплата на средства |
| | б) Трошоци за функционирање на земјоделските задруги и тоа:<br>- за бруто-плата за едно вработено лице во земјоделската задруга со висина на износ не поголема од просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во Република Северна Македонија<br>- за услуги од трети лица за водење на сметководство и ревизија на работењето на земјоделската задруга и услуги за изработка и одржување на интернет-страница; |
| Критериуми | Дополнителни критериуми за поддршката од точка б) на овој дел се:<br>-исплата на плата за еден вработен во земјоделската задруга за претходната година или за новоформираните земјоделски задруги исплата на плата за тековната година сметано од денот на основање на земјоделската задруга до денот на објавување на јавниот повик за поднесување на барања за финансиска поддршка<br>-поддршката од точка б) на овој дел се однесува за трошоци за функционирање на земјоделските задруги настанати за период на 2024 и 2025 година |

## II. ПРАВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА

**Право на користење на средства имаат следните субјекти:**

| Субјекти | Код на мерка |
|---|---|
| Земјоделски задругите регистрирани за вршење на земјоделска дејност согласно Законот за задругите и евидентирани во Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство | Мерка 131 |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

**Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник изнесува:**

-прифатливи трошоци од точка а) „Трошоци за воспоставување на земјоделска задруга не постара од 12 месеци од денот на основање на земјоделската задруга до денот на објавување на јавен повик за доставувањена барања за исплата на средства” до 100% од направените трошоци;

- прифатливи трошоци од точка б) алинеја 1 „за бруто-плата за едно вработено лице во земјоделската задруга со висина на износ не поголема од просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во Република Северна Македонија” до 60% од направените трошоци;

-прифатливи трошоци од точка б) алинеја 2 „за услуги од трети лица за водење на сметководство и ревизија на работењето на земјоделската задруга и услуги за изработка и одржување на интернет-страница”до 100% од направените трошоци

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата за поединечна подмерка се доставуваат во оригинален примерок.

Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања за користење на финансиска поддршка по различни мерки од Програмата, освен за мерката 131 од делот II став (1) од оваа програма и потточката 1.1 од делот II став (2) од програмата каде може да поднесе најмногу две барања.

- **Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 30/2026)**
- **Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Р.Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 88/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 27/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24)**
- **Закон за задругите („Службен весник на Р.Македонија“ бр.101/2023)**
- **Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013, 35/2016, 101/2017 и 162/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.100/2019, 215/2019, 24/2020, 96/2021, 276/2021, 92/2021, 113/2022, 186/2022, 73/2023, 94/2023 и 69/25) и**
- **Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013, 72/2014, 88/2015, 35/2016, 59/2016, 178/2018 и „Службен весник на Република**

**Северна Македонија“ бр.77/2019, 214/2019, 276/2021, 91/2022, 122/2022, 186/2022, 73/2023, 250/23, 34/24 и 69/25)**

Барателите на финансиска поддршка потребно е да поднесат уредно и целосно пополнето барање за исплата на средства за Мерка 131.1 заедно со пропратната документација наведена во барањето.

Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства за мерката 131.1, согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година. Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за исплата” со листата на потребни документи може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk.

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата секој работен ден од 08 до 14:00 часот, на адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**Ул. 3-та Македонска бригада бр.20 ( Зграда на Македонија Табак блок Ц )**
**1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои ознаката “НЕ ОТВОРАЈ“, за Јавен повик број 02/2026 и назначување на шифрата на мерката 131,1 за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницата или предвремено отворање на барањето.

**Крајниот рок за доставување на барањата е 10.04.2026 година. Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на исплата.

Телефон **02 3097 – 460** или моб.070 229 544 секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk